


Со секој изминат семестар крајот на Вашите студии е сè поблиску. Кои се Вашите идни планови? Размислувате ли како да дојдете чекор поблиску до Вашата кариера од соништата? Сметате ли дека е потребно Вашето теоретско знаење да го надополните со практично искуство?

**Дали би сакале да се стекнете со интернационално работно искуство во Германија?**

Во изминативе 17 години, успешно поддржавме повеќе од 800 студенти и млади академски граѓани низ ова возбудливо патешествие. Притоа, секој од нив имаше можност практично да го примени своето теоретско знаење во една од многуте врвни германски компании, во времетраење од 3 до 6 месеци.

**Следната генерација на нашите стипендисти ќе ги започне своите пракси на 1ви јули 2021 година.** Доколку сметате дека сте подготвени за ваков предизвик, се што треба да направите е да аплицирате за стипендијата на „Програмата за пракса на германското стопанство за државите од Западен Балкан".

**Кој** сѐ **може да аплицира?**

- Студенти на додипломски студии (најмалку запишан 5ти семестар за време на аплицирањето)
- Студенти на магистерски студии
- Студенти на докторски студии
- Млади академски граѓани дипломирани по 1ви Јануари 2020 година
- Кандидати кои не се постари од 29 години
- Кандидати кои добро го владеат англискиот и/или германскиот јазик*
- Понудените пракси се наменети за студенти од областа на економија, бизнис, администрација, инженерство, компјутерски науки, право, новинарство и земјоделски науки

* Дополнителни сертификати за познавање на јазик не се потребни, со исклучок на праксите во доменот на архитектура и право, каде што предуслов е владеење на Б2 ниво на германски јазик.

**Како да аплицирате?**

Апликацирањето се врши онлајн на нашата страница: www.stipendienprogramm.org.

од **1ви Октомври 2020** до **16ти Ноември 2020.**

Подетално за процедурата на аплицирање, како и за придобивките од Програмата, може да прочитате на наведениот линк.

**Кои се придобивките од оваа Програма?**

Покрај финансиската поддршка, Програмата за Практиканти **Ве води низ сите организациски и административни чекори пред и за време на Вашиот престој во Германија:**

- ➢ Подготвителни состаноци во Вашата земја
- ➢ Обезбедување на виза и работна дозвола
- ➢ Поддршка при наоѓање сместување во Германија
- ➢ Повратен авионски билет до Германија
- ➢ Подготвителна недела во Берлин (организација, сместување и патни аранжмани)
- ➢ Билети за воз од Берлин до местото на Вашата пракса
- ➢ Месечна стипендија во износ од 550 евра
- ➢ Покриени трошоци за сместување и здравствено осигурување
- ➢ Курс по германски јазик за времетраење на програмата (во висина до 200 евра)
- ➢ Дополнителна средба со сите учесници во програмата (организација, сместување и патни аранжмани)

Доколку сте заинтересирани за едно незаборавно искуство, кое што не завршува со последниот работен ден, аплицирајте за „Програмата за пракса на германското стопанство за државите од Западен Балкан”.

По завршувањето на праксата станувате дел од нашиот **активен Алумни клуб.**

Алумни клубот Ви овозможува да бидете дел од голем број на конференции, работилници и семинари низ целиот регион на Западен Балкан. Од разни видови на тим-билдинг активности до професионалноoврзување со работодавачи во Вашите земји – Алумни клубот е тука со цел да ги прошири вашите знаења и вештини здобиени за време на праксата.

Повеќе информации околу активностите на Алумни клубот можете да прочитате на нашиот блог. На истиот, се достапни и дел од приказните на нашите Стипендисти кои моментално ги извршуваат своите пракси во Германија.

Само еден чекор Ве дели од посакуваната пракса во Германија.  Бидете храбри и аплицирајте!!